До Општина Демир Хисар
(имател на информацијата)

**Б А Р А Њ Е**
**за пристап до информации од јавен карактер**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (“Службен весник на Република Македонија бр. 13/06; бр.86/08, бр.6/10 и бр.42/14), од имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

(опис на информацијата која се бара)

1. Буџет (детален) на ЕЛС за 2024 година
2. Име, презиме и контакт од Координаторот за еднакви можности и датум на негово назначување
3. Акт за систематизација на работните места
4. Годишен извештај за напредокот на состојбата со еднаквите можности за жените и мажите за 2024 година
5. Листа на иницијативи (проекти, програми и активности на ЕЛС, предлог стратегии) доставени од Координаторот за еднакви можности до ЕЛС во 2024 година
6. Листа на иницијативи на Координаторот за еднакви можности реализирани од страна на ЕЛС во 2024 година
7. Листа на членови на Комисија за еднакви можности во 2024 година и нивни контакти
8. Актуелна Стратегија за работа на Комисија за еднакви можности за 2024 година
9. Годишна програма за работа на Комисија за еднакви можности за 2024 година
10. Актуелен Акциски план за работа на Комисија за еднакви можности за 2024 година
11. Број на одржани состаноци на Комисијата за еднакви можности во 2024 година
12. Број на буџетски седници на кои присуствувала Комисијата за еднакви можности во 2024 година
13. Листа на мерки и активности кои Комисијата за еднакви можности ги има доставено до Советот на ЕЛС во 2024 година
14. Износ на финансиски средства од буџетот на ЕЛС за 2024 назначен за основните мерки согласно чл. 5, 6 од Законот за еднакви можности
15. Износ на финансиски средства од буџетот на ЕЛС за 2024 назначен за посебни мерки согласно чл. 7 од Законот за еднакви можности
16. Локален акциски план за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите за 2024

17. Број на мажи и број на жени членови на комисиите на општината во 2024

18. Број на мажи и број на жени членови на управни одбори на јавните служби под надлежност на општината во 2024

19. Програми за заштита на жените жртви на родово базирано насилство и жртвите на семејното насилство во согласност со член 21 од Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство

20. Број на воспоставени центри за згрижување на жртви, советувалишта за жртви, советувалишта за сторители и други услуги за превенција на родово-базирано насилство во согласност со член 21 од Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство

21. Одвоени финансиски средства за функционирање на услуги за превенција и заштита на жените жртви на родово-базирано насилство и жртви на семејното насилство на локално ниво во согласно со член 21 од Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство.

Форма во која се бара информацијата:
а) електронски запис
б) по пошта

(се наведува бараната форма, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:
а) емајл
б) по пошта

Барател на информацијата:
–
- -

Застапник / полномошник на барателот на информацијата:
Претседател –
- -

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер)

Во Скопје

Датум: 09.06.2025 година
Потпис

**Датум:** 17.06.2025

**ДО** [redacted]

(барател на информацијата)

**ПРЕДМЕТ:** Доставување на одговор по Барање информација согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер до имателот на информации Општина Демир Хисар

**ВРСКА:** 18-688/1, 12.06.2025 наш број

Почитувани,

Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на РСМ бр. 101/2019) во прилог Ви се доставува Решение по бараната информација.

Во прилог Ви се доставува:

-Решение и

-Информација

Со почит,

Игор Дамјаноски,
службено лице за посредување со информации од јавен карактер
на Општина Демир Хисар

---------------------------------------

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted] поднесено на 12.06.2025 година, имателот на информацијата Општина Демир Хисар го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето од [redacted] по предметот барање за пристап до информации од јавен карактер во врска со еднаквите можности на жените и мажите, се уважува.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Врз основа на барањето информација од јавен карактер доставено од [redacted] имателот на информацијата Општина Демир Хисар, ви ја доставува информацијата во врска со еднаквите можности на жените и мажите.

Имено барателот доставил барање за информација од јавен карактер на 12.06.2025 година, заведено во архивата на Општина Демир Хисар на 12.06.2025 година под архивски број 18-688/1, која е во согласност со член 10 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019) и затоа е одлучено како во диспозитивот на ова решение.

Во прилог:

-Информација

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Општина Демир Хисар на 17.06.2025 година, под бр. 18-666/2.

По овластување на Градоначалникот на
Општина Демир Хисар

Службено лице за посредување со информации
од јавен карактер

______________________________

Игор Дамјаноски, раководител на одделение за
управување со човечки ресурси

**-ИНФОРМАЦИЈА-**

1. Буџет на Општина Демир Хисар за 2024 година?
https://demirhisar.gov.mk/budhet-i-finansirane/budhetski-dokumenti/budhet/

2. Име и презиме на координаторот за еднакви можности на Општина Демир Хисар и датум на негово назначување?
Даниел Станојоски, 19.12.2019 година.

3. Акт за систематизација на работните места?
https://demirhisar.gov.mk/dokumenti/sloboden-pristap-do-informaczii-od-javen-karakter/

4. Годишен извештај за напредокот, состојбата со еднаквите можности за жените и мажите за 2024 година:
https://demirhisar.gov.mk/wp-content/uploads/2025/03/godisen-izvestaj-za-2024-godina-za-ednakvi-moznosti-na-zenite-i-mazite.pdf

5. Листа на иницијативи (проекти, програми и активности на ЕЛС, предлог стратегии) доставени до координаторот за еднакви можности во 2024 година:
Координаторот за ЕМ до ЕЛС нема поднесено проект, програма и активности, односно освен Програмата која е вообичаена пракса која се носи секоја година до Советот на Општина Демир Хисар и истата треба да се реализира заедно со КЕМ и Советот за наредната година.

6. Листа на иницијативи на координаторот за еднакви можности реализирани од страна на ЕЛС во 2024 година:
Нема.

7. Листа на членови на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите во 2024 година и нивни контакти:
-Сандра Пејковска 071 381 820, sandra.jzu@gmail.com
-Виолета Балуловска 072 211 896
-Јасмина Котевска 079 301 345
-Весна Ориѓанска 078 864 359
-Жан Петревски 078 312 371
-Дарко Димовски 078 297 131.

8. Актуелан стратегија за работа на Комисијата за еднакви можности за 2024 година?
Не е донесена.

9. Годишна програма за работа на Комисијата за еднакви можности за 2024 година?
https://demirhisar.gov.mk/wp-content/uploads/2023/12/predlog-godishna-programa-na-aktivnosti-za-ednakvi-mozhnosti-demir-hisar-za-2024-godina.pdf

10. Актуелен акциски план за работа на Комисијата за еднакви можности за 2024 година?
Актуелен акциски план нема, но изработрн е План за работа за КЕМ за 2025 и истиот е уредно доставен до Советот и изгласан во месец април, а кој е функционален и „ставен во погон” од месец мај.

11. Број на одржани состаноци на Комисијата за еднакви можности за 2024 година?

Број на одржани состаноци со КЕМ – една средба, односно состанок на ден 24.06.2024 година, пред седницата на Совет на Општина Демир Хисар, на иницијатива на координаторот за еднакви можности од редовите на општинската администрација, Даниел Станојоски, а по претходни консеквентни консултатици со претседателката на Комисијата за еднакви можности во рамки на Советот, Сандра Пејковска, се одржа продуктивна средба на која се дефинираа следните идни активности и преземање на мерки (согласно Стратегијата за родова еднаквост и Законот за еднакви можности). Целта на средбата беше да се преземат активности за ефективно придвижување на родовите прашања на локално ниво, како и, унапредување на положбата на жената преку спроведување на активности кои се инкорпорирани во Програмата за 2024 година.

Состанокот го отвори Даниел Станојоски кој ги запозна на кратко и концизно со Дневниот ред кој беше составен од две точки, и тоа:

1. Разгледување и запознавање по однос на известувањето за избор на Општина по објавен повик за вклучување во менторска поддршка за изработка на локални програми со родови индикатори – односно, со акцент на развој на мерки за женско претприемништво во општините, поточно во програмите за ЛЕР за 2025 година.
2. Предлог конкретни цели, мерки и идно успешно и ефикасно спроведување и реализација на една од активностите и предвидените мерки кои се, всушност, инкорпорирани во годинашната Програма за еднакви можности, 2024 година.

12. Број на буџетски седници на кои присуствувала Комисијата за еднакви можности за 2024 година?

Една, при носењето на програмите за работа за 2024 година.

13. Листа на мерки и активности кои Комисијата ги има доставено до Советот на Општина Демир Хисар за 2024 година?

Нема, освен декларативни заложби.

14. Износ на финансиски средства од буџетот на Општина Демир Хисар за 2024 година назначен за основните мерки согласно член 5 и 6 од Законот за еднакви можности?

Севкупниот Буџет за реализација на Годишната програма на активности за еднакви можности на жените и мажите во Општина Демир Хисар за 2024 година (вклучувајќи и посебни и основни мерки – детермирани согласно мерката) изнесуваше 80.000 ден. Тоа подразбира и издвоени парични средста за секоја активност посебно, каде што не се спроведе активност ниту една.

15. Износ на финансиски средства од буџетот на Општина Демир Хисар за 2024 година назначен за основните мерки согласно член 7 од Законот за еднакви можности?

Идентично како бр.14.

16. Локален акциски план за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите за 2024 година?

Нема, но предвидено е да се избработи во соработка и согласно Меморандумот кој го имаме потпишано со канцеларијата при UN Women во Скопје, како и Европската повелба, заклучно до 2 две години од формалното потпишување.

17. Број на мажи и број на жени членови на комисиите на општината за 2024 година?

-20 жени, 50 мажи.

18. Број на мажи и жени членови на управни одбори на јавните служби под надлежност на општината во 2024 година?

-10 жени, 14 мажи.

19. Програми за заштита на жените жртви на родово базирано насилство и жртвите на семејно насилство во согласност со член 21 од Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство?

Нема.

20. Број на воспоставени центри за згрижување на жртви, советувалишта на жртви, советувалишта за сторители и други услуги за превенција на родово-базирано насилство во согласност со член 21 од Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство?

Нема.

21. Одвоени финансиски средства за функционирање на  услуги за превенција на родово-базирано насилство во согласност со член 21 од Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство?

Нема.

НАПОЕМНА: Поради полесен пристап до линковите ви доставувам и верзија во ворд од информацијата.

По овластување на Градоначалникот на Општина Демир Хисар

Службено  лице за посредување со информации од јавен карактер

Игор Дамјаноски, раководител на одделение за управување со човечки ресурси

-----------------------------------------------